Република Северна Македонија

**Министерство за труд
и социјална политика**

- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување -

Архивски број: 09- 3551/3
Датум: 12.06.2020 година

До: Македонското здружение за заштита при работа
Ул. Востаничка бр, 2
1000 Скопје

Предмет: Мислење по Предлогот на Македонското здружение за заштита при работа за дополнување и изменување на Правилникот за листата на професионални болести и иницијатива за ревизија на Проценките на ризик на работните места следбено на опасноста од заразување со новиот корона вирус

Врска Ваш број: 44-4062/1 од 18.05.2020 година

Почитувани,

Во врска со Предлогот на Македонското здружение за заштита при работа за дополнување и изменување на Правилникот за листата на професионални болести и иницијативата за ревизија на Преоценките на ризик на работните места следбено на опасноста од инфективни заболувања со новиот корона вирус, Министерството за труд и социјална политика во соработка со ЈЗУ Институт на медицина на труд на Република Северна Македонија Ве известува за следното:
Во Правилникот за листата на професионални болести, во делот кој се однесува на заразни заболувања во точка 408 како професионална болест се воведуваат и инфективните заболувања предизвикани од Коронавирусот COVID -19 при превенција, здравствена заштита, домашна посета и други слични активности за кои е докажан ризикот од инфекција, по барање од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, а со оглед на ризикот од инфекција на здравствените работници и лицата вработени во здравствените установи кои се директно изложени на опасност од вирусот поради процесот и условите за работа на истите.

Во однос на Вашата забелешка од точка 1 од дописот за терминилогијата која се користи во Правилникот за листата на професионалните болести („Службен весник на РСМ“ бр. 118/20), во делот кој се однесува на заразни заболувања во точка 408 каде како професионална болест се воведуваат и инфективните заболувања предизвикани од Коронавирусот COVID -19 при превенција, здравствена заштита, домашна посета и други слични активности за кои е докажан ризикот од инфекција, и покрај фактот дека причинителот на



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

бослета КОВИД19 е вирусот САРС –КоВид-2, користената терминологија не претставува проблем во признавањето на професионалната болест КОВИД 19. Причинител на болеста КОВИД 19 е вирусот САРС-КоВ-2, при што јасно е наведено дека станува збор за болеста КОВИД 19.

Точката 2 од Вашиот допис се однесува за дискриминирачкиот однос на точката 408 од Правилникот. Во однос на ова сакаме да наведеме дека постои ризик за можен контакт и изложеност на причинителот на болеста –вирусот САРС КоВ-2 и појава на професионална болест КОВИД19 не само кај вработените во здравствениот сектор, опфатени со точка 408 од Правилникот за листата на професионалните болести („Службен весник на РСМ“ бр. 118/20), туку и кај работници кои работат и на други работни места како што се: полицајци, касиери, професионални возачи во јавниот транспорт, шалтерски работници , наставници и тн, при што неопходно е да се докаже контактот, временска и просторна поврзаност и причинско - последична врска за да се признае КОВИД 19 за професионална болест. Дел од посечните занимања дадени во предлогот ( рудари, инжинери итн...) не соодветствуваат со конкретни рабонти места каде постои можен контакт и изложеност на вирусот САРС –КоВид-2. Исто така, треба се напомене дека за дел од наведените работни места е исклучително тешко да се утврди и да се докаже конкретниот контакт и изложеноста со болно лице од КОВИД 19, како и временската и простарната поврзаност и причинско - последична врска.

Во однос на точката 3 од предлогот, условите и критериумите пропишани во Правилникот за листата на професионални болести, не се базираат на Проценката на ризик на работно место и оттаму не е потребно да се прави ревизија на Проценката за ризик на работно место, за да се признае професионална болест.

Исто така, сакаме да напоменеме дека досегашното искуство ја истакнува потребата за ревизија на посточеките правни акти во областа на безбедност и здравје при работа, односно Владата на РСМ го прифати акцискиот план за ревизија на Законот за безбедност и здравје при работа за 2020 година, при што оваа ревизија ќе ги опфати и останатите правни прописи кои се поврзани со безбедноста и здравјето при работа.

Со почит,

**Заменик министер,**
Gjonul Bajraktar

Изготвил: Елеонора Доневска
Контролирал: Даниела Божиноска/ Јехона Рамадани
Согласен: Марјанчо Тодоровски



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk